РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 03-151/1
07.03 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и на други слободни активности на учениците број 12-13487/1 од 19.11.2019, ООУ „Блаже Конески" Општина Аеродром-Скопје објавува

**ОГЛАС**
**за прибирање на понуди за организирање на**

- **Еднодневен пролетен излет за учениците од I до IX одд**
- **Еднодневна екскурзија за учениците од III одд**
- **Настава во природа за учениците од V одд**
- **Дводневна екскурзија за учениците од VI одд**
- **Тродневна екскурзија за учениците од IX одд**

Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите и другите активности е најниска цена. Минимални услови кои треба да ги исполнува понудувачот се:

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
- Да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта.
- Да има успешно реализирана сопствена аражманска програма во РС Македонија
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;

Со понудата понудувачот задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ги докаже минималните услови:

- Документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на соодветна туристичка дејност
- Потврди за реализирана сопствена аражманска програма во РС Македонија
- Изјава дека ги исполнува условите за превоз на групи на деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возила со кои се превезуваат групи на деца

Вредноста на банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот изнесува од 10% од вкупната вредноста на договорот.

**Огласот трае 5 работни дена од денот на неговото објавување.**

Тендерската документација може да се подигне од архивата на училиштето секој работен ден од 09 часот до 12 часот или од веб страната на училиштето https://ooublazekoneski.edu.mk/.

Понудите се доставуваат најдоцна до 15.03.2023 до 12 часот во архивата на ООУ „Блаже Конески " ул. „Венијамин Манчуковски" бр 4, со назнака Комисија за прибирање понуди за екскурзии.

Јавното отварање ќе се оддржи во училиштето на 15.03.2023 во 12:00 часот.

тел.02 2469-746

Комисија за прибирање
на понуди за екскурзии
Маријана Зејниловски